**20140371084**

**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**

Врз основа на член 11 став (7), член 12 став (3), член 13 став (7) и член 16 став (5) од Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија" број 95/12) директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И РЕГИСТРАЦИЈА НА ЖИВОТНИ ОД ВИДОВИТЕ ОВЦИ И КОЗИ ([*])

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат:

1) содржината и начинот на водење на Електронската база, податоците кои одгледувачот треба да ги достави до Агенцијата за храна и ветеринарство (во понатамошниот текст: Агенцијата), како и начинот за известување до Електронската база на податоци;

2) изгледот и податоците кои ги содржат средствата за идентификација на овци и кози како и другите барања кои средствата за идентификација треба да ги исполнат;

3) формата, содржината и начинот на водење на регистарот на одгледувалишта на овци и кози, начинот, содржината и зачестеноста на вршење на пописот и начинот на пријавување до Агенцијата и

4) начинот на идентификација и регистрација на животните од видовите овци и кози.

Член 2

Овој правилник се применува без да е во спротивност со мерките за контрола и сузбивање на заразни болести и без оглед на Правилникот за начинот и постапките за увоз и транзит и начинот и постапките за вршење на проверки и преглед на пратки домашни миленици од видовите птици кои не се наменети за трговија или за пренос на други лица и се придружени од сопственикот или одговорно лице како и формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или друг документ што ги придружува[*1] и Законот за земјоделство и рурален развој[*2].

Член 3

(1) Поимите утврдени во Законот за ветеринарно здравство и Законот за идентификација и регистрација на животните се применуваат и во овој правилник доколку со овој правилник не се поинаку дефинирани.

(2) Одредени поими употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1) „Код на држава" е троцифрен нумерички код кој го претставува името на државата согласно МКС ISO стандардот 3166;

2) „Национален идентификациски код" е12-цифрен нумерички код за индивидуална идентификација на животно на ниво на држава;

3) „Код на транспондерот"' е 64-битен електронски код програмиран во транспондерот и содржи interalia код на држава и национален идентификациски код и се употребува за електронска идентификација на животните;

4) „Идентификатор" е пасивен (само за читање) транспондер со аплицирана HDX или FDX-B технологија дефинирана во МКСISO стандардите 11784 и 11785 и инкорпорирана

---

[*] Со овој правилник се врши усогласување со Регулатива на Советот (ЕС) со бр. 21/2004 од 17 Декември 2003 година за воспоставување на систем за идентификација и регистрација на овци и кози и надополнување на Регулатива (ЕС) бр. 1782/2003 и Директива 92/102/ЕЕС и 64/432/ЕЕС, CELEX бр. 32004R0021 и Одлука на Комисија 2006/968/ЕС од 15 Декември 2006 година применувајќи ја Регулативата на Советот (ЕС) со бр. 21/2004 во однос на начинот и постапката за електронската идентификација на овци и кози со CELEX бр. 32006D0968)

во различни средства за идентификација како што е пропишано во член 5 од овој правилник и

5) „Читач“ е синхронизиран или несинхронизиран примопредавател кој најмалку може да го:

- чита идентификаторот и
- покажува кодот на државата и националниот идентификациски код.

Член 4

(1) Електронската база на податоци покрај податоците од Прилог 1 од Правилникот за начинот на регистрација, формата и содржината на образецот на барањето за регистрирање на одгледувалишта, формата и содржината на картата за идентификација на одгледувалиштето, начинот на пријавување и евидентирање на промените на одгледувалиштето и одгледувачот како и видовите на други животни треба да ги содржи и следните податоци:

1) податоци за животното:

- индивидуалните ознаки на животните;
- вид на животното;
- старост на животното;
- раса или генотипот на животното доколку е познат и
- пол на животното;

2) податоци за движењето на животните од Сертификатот за здравствена состојба:

- бројот на Сертификатот за здравствена состојба;
- вид на движење;
- податоци за одгледувалиштето на заминување и пристигнување;
- датум на движење на животните;
- датум на известување за движењето;
- вкупниот број на движените животни обележани со број на одгледувалиште;
- ознаките на средствата за идентификација на движените животни обележани со индивидуален број на ушните маркици и
- податоци за превозникот;

3) податоци од извршениот попис на одгледувалиштето од член 7 став (6) од овој правилник и

4) дополнителни податоци во однос на здравствената состојба на животните, датум на колење во кланица, ограничување на движењето и други релевантни податоци во однос на одгледувалиштето и животните.

(2) Вносот на податоци во Електронската база на податоци го врши ветеринарното друштво од член 24 став (1) од Законот за идентификација и регистрација на животните, односно самиот одгледувач доколку за тоа е овластен, согласно член 25 од Законот за идентификација и регистрација на животните.

(3) Во случај кога вносот на податоци го врши ветеринарното друштво, одгледувачот ги доставува податоците на следниот начин:

1) од став (1), точка 2) од овој член, со копија од Сертификатот за здравствена состојба на животните и

2) од став (1), точки 1) и 3) од овој член со копија од регистарот на одгледувалиште пропишан во член 7, став (2) од овој правилник.

(4) По исклучок од став (3) точка 1) од овој член, движењата преку добиточен пазар може да се пријавуват и со копија од регистарот на одгледувалиште од член 4, став (4) од Правилникот за идентификација и регистрација на животни од видот свињи.

(5) Ветеринарното друштво води евиденција за поднесените документите од став (3) и став (4) од овој член, копиите треба да ги чува најмалку три години и истите ги става на увид на барање на Агенцијата.

(6) Одгледувачот е должен да ги чува обрасците од ставот (3) во регистарот на одгледувалиштето најмалку три години од денот на настанот.

(7) Во случај кога одгледувачот сам ги внесува податоците од ставовите (3) и (4) важат одредбите од став (6) од овој член.

Член 5

(1) Средствата за електронска идентификација – транспондерите, како прво средство за идентификација на животни се состои од една ушна маркица која се аплицира на лево уво и едно електронско средство за идентификација која може да биде во форма на ушна маркица или во облик на болус.

(2) Електронскиот дел на средствата за идентификација од став (1) од овој член треба да:

- ги исполнуваат условите согласно МКС ISO стандардите 11784 и 11785 при постапките за испитување специфицирани во точка 7 од 24631-1 МКС ISO стандардот и

- постигнат минимум перформанси на читање на растојание како што е наведено во процедурите од точка 7 на стандардот МКС ISO 24631-3.

(3) Средствата за електронска идентификација треба да се согласни со следните технички карактеристики и тоа да:

- бидат само за читање (read-only) пасивни транспондери со применета HDX или FDX-B технологија и да се во согласност со МКС ISO стандардите 11784 и 11785;

- бидат читливи со уреди за читање кои се во согласност со стандардот МКС ISO 11785 и способниза читање на HDX и FDX-B транспондери;

- растојанието на читање да биде:

(а) најмалку 12 см за ушните маркици кога се чита со пренослив читач;

(б) најмалку 20 см за болус и ињективен транспондер кога се чита со преносен читач и

(в) најмалку 50 см за сите видови на идентификатори кога се чита со неподвижен читач.

(4) Транспондерите во однос на условите за читање на растојание треба да:

- се со применета HDX технологија и минимумот на активирање на силата на магнетното поле да им е помала или еднаква на 1.2 A/m, измерена во согласност со стандардот МКС ISO 24631-3, “МИНИМАЛНО АКТИВИРАЊЕ НА ЈАЧИНАТА НА МАГНЕТНОТО ПОЛЕ ВО HDX МОДУЛОТ" и треба да развива амплитудна модулација еднаква на 10 mV, измерена во согласност со стандардот МКС ISO 24631-3, "АМПЛИТУДНА МОДУЛАЦИЈА НА HDX МОДУЛОТ", при сила на магнетното поле помало или еднакво на 1.2 A/m;

- се со применета FDX-B технологија и минимумот на активирање на силата на магнетното поле да им е помала или еднаква на 1.2 A/m, измерена во согласност со стандардот МКС ISO 24631-3, “МИНИМАЛНО АКТИВИРАЊЕ НА ЈАЧИНАТА НА МАГНЕТНОТО ПОЛЕ ВО FDX-B МОДУЛОТ" и треба да развива амплитудна модулација еднаква на 10 mV, измерена во согласност со стандардот МКС ISO 24631-3, "АМПЛИТУДНА МОДУЛАЦИЈА НА FDX-B МОДУЛОТ", при сила на магнетното поле помало или еднакво на 1.2 A/m и

- имаат структура на кодот која е во согласност со МКС ISO стандардот 11784 и описот даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

(5) Читачите на електронската идентификација треба да обезбедат квалитетно (уредно) читање на кодот на средството за идентификација и треба да се тестирани на начин пропишан во МКС EN ISO17025 стандардот.

(6) Агенцијата може да побара дополнителни критериуми на работа за да се обезбеди функционалност на транспондерите и читачите во посебни географски и климатски услови како и да се обезбедат дополнителни тестирања на транспондерите и читачите во врска со стабилноста и издржливоста.

Член 6

(1) Ушните маркици како второ средство за идентификација на овци и кози треба да ги исполнуваат општите одредби пропишани во член 3, став (1) од Правилникот за идентификација и регистрација на животни од видот свињи и на нив треба да е безбојно испечатена годината на производство.

(2) Средствата за идентификација треба да се аплицираат внимателно и без предизвикување на страв или поголема возбуда кај животните.

(3) По апликацијата на тетоважите, цифрите треба да бидат јасно читливи.

(4) Мастилото за тетовирање треба да е нештетно по здравјето на животните, да не предизвикува воспалителни и алергиски реакции при апликацијата.

(5) Ушните маркици се со жолта боја и се составени од машки и женски дел.

(6) Женскиот дел од ушната маркица од член 8 став (1) точка 1) која се аплицира во десното уво е во правоаголна форма со ширина помеѓу 30 и 45 mm, висина помеѓу 35 и 45 mmи дебелина од 1 до 2 mm. Машкиот дел од двете ушни маркици и женскиот дел од ушната маркица која се аплицира на лево уво, од член 8 став (1) точка 1) се во округла форма со дијаметар од 25 до 30 mm и дебелина од 1 до 2 mm.

(7) Женскиот дел од ушната маркица од член 8 став (1) точка 1) на овој правилник која се аплицира на десно уво ги содржи следните податоци:

- код на Агенцијата за храна и ветеринарство („АХВ“);
- алфанумерички код вклучувајќи го и контролниот број и
- баркод.

(8) Првите знаци од алфанумеричкиот код ја означуваат земјата на одгледувалиштето на кое животното за првпат е идентификувано со користење на код на земјата од две до три букви. За животни родени во Република Македонија се користи кодот МК.

(9) Нумеричките знаци по кодот на земјата се состојат од девет цифри за животни идентификувани во Република Македонија (родени во Република Македонија или кои потекнуваат од земја која не го применува системот за идентификација на ЕУ), или до 12 цифри за животни кои доаѓаат од земји на ЕУ. Индивидуалниот нумерички код на животното се состои од идентификациски осумцифрен растечки број, проследен со контролна цифра која се добива како резултат на формулата:

(10 - ((dig1*3) + (dig2*1) + (dig3*3) + (dig4*1) + (dig5*3) + (dig6*1) + (dig7*3) + (dig8*1) ) mod 10) mod 10.

(10) Записите на ушните маркици ги имаат следните димензии:

- логото „АХВ“ (најмалку 3 мм висина),
- „МК“ (најмалку 4 мм висина) и
- нумеричките кодови со висина од најмалку 4 mm.

(11) Баркодот од ушната маркица се состои од 16 цифри и се формира со 15 цифрен ISO број на идентификацискиот код на животното проследен со идентификациски код на ушната маркица "1". Содржината на баркодот е дадена на образец од Прилог2 кој е составен дел на овој правилник.

(12) Машкиот дел од ушните маркици како и женскиот дел од ушната маркица која се аплицира на лево уво од член 8 став (1) точка 1) од овој правилник, имаат иста содржина како ушната маркица од десното уво, освен баркодот, кој не е содржан во овој дел од ушната маркица.

(13) Машкиот дел на ушната маркица за животни од член 8, став (1) точка 2) од овој правилник е во округла форма, а женскиот дел е во правоаголна форма.

(14) Ушните маркици од член 8 став (1) точка 2) од овој правилник имаат иста содржина и димензии како и ушната маркица пропишана во ставовите од (5) до (10) од овој член од правилникот, освен баркодот, кој не е содржан во оваа ушна маркица.

(15) Машкиот и женскиот дел на ушната маркица за животни од член 8 став (1) точка 3) од овој правилник се во форма на круг со дијаметар од 20 до 30mm и дебелина 1 до 2 mm или правоаголна форма со ширина помеѓу 8 и 20 mm и висина помеѓу 30 и 50 mm. Ушните маркици го содржат нумеричкиот код на одгледувалиштето со девет цифри.

(16) Вкупната тежина на двата дела од ушната маркица не треба да надминува 10 g.

(17) Изгледот на ушните маркици е даден во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 7

(1) Регистарот на одгледувалиште се води рачно од страна на одгледувачот, на образец во А4 формат.

(2) Формата и содржината на регистарот од став (1) од овој член е даден во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

(3) По исклучок од став (1) добиточните пазари водат посебен регистар на одгледувалиште чија форма и содржината се дадени во Прилог 3 од Правилникот за идентификација и регистрација на животни од видот свињи.

(4) Секоја промена во врска со одгледувалиштето, одгледувачот, животните и нивните движења, одгледувачот треба да ги внесе во регистарот веднаш по настанатата промена.

(5) По исклучок од став (1) од овој член, регистарот на одгледувалиште може да се води електронски во формат кој е претходно одобрен од страна на Агенцијата.

(6) Согласно член 13 став (2) од Законот за идентификација и регистрација на животните, одгледувачите на животни од видот овци и кози треба да извршат попис на животните на неговото одгледувалиште еднаш во годината.

(7) Податоците кои треба да се внесат во регистарот на одгледувалиште при пописот на животните се:

- индивидуалните ознаки на животните;
- вид на животното;
- старост на животното;
- раса или генотипот на животното доколку е познат;
- пол на животното и
- вкупниот број на овци и кози кој треба да е поделен на:
- вкупен број на животни со две ушни маркици - машки и женски;
- вкупен број на животнидо 12 месеци;
- вкупен број наж ивотни со заменети ушни маркици;
- вкупен број на животнидо 12 месеци без ушни маркици и
- вкупен број на обележани животни наменети за кланица.

(8) Пописот на одгледувалиште можат да го извршат и надлежните ветеринарни друштва при извршување на активностите од Годишната наредба, доколку пописот не е извршен од страна на одгледувачите.

(9) Регистарот на одгледувалиште се состои од две копии од кои една е за овластеното ветеринарното друштво и една за одгледувачот.

(10) При движење на животните во/од одгледувалиштето како дополнување на регистарот на одгледувалиштето служи копија од документот за движење за овци и кози односно Сертификатот за здравствена состојба на животните.

(11) Доколку одгледувачот е овластен сам да внесува податоци во Електронската база на податоци, двете копии од регистарот останувaат кај одгледувачот.

(12) Веродостојноста на податоците од став (7) на овој член ги потврдува одгледувачот со ставање на потпис на образецот.

Член 8

(1) Средствата за идентификација на животните од видовите овци и кози се ушни маркици и тоа:

1) две ушни маркици со индивидуален број - за животни наменети за одгледување, кои се аплицираат пред шестмесечна возраст, односно деветмесечна возраст доколку животните се чуваат на екстензивен начин и во секој случај пред животните го напуштаат одгледувалиштето. Се аплицираат на секое уво од животното;

2) една ушна маркица со индивидуален број - за животни наменети за колење пред 12 месечна возраст, кои потекнуваат од одгледувалишта со помалку од 50 животни. Ушната маркица се аплицира на левото уво на животното;

3) една ушна маркица со бројот на одгледувалиштето - за животни наменети за колење пред 12 месечна возраст, кои потекнуваат од одгледувалишта со повеќе од 50 животни. Ушната маркица се аплицира на левото уво од животното и

4) за животни без уши односно со уши помали од 5 см, тетоважа или маркица на скочниот зглоб со индивидуален број.

(2) Ушните маркици за животни од став (1) точка 1) и 2) од овој член, се аплицираат од овластени организации, согласно член 24 од Законот за идентификација и регистрација на животните.

(3) Со исклучок на став (2) од овој член, одгледувачите кои се овластени од Агенцијата согласно член 25 од Законот за идентификација и регистрација на животните можат сами да аплицираат ушни маркици од став (1) точка 1) и 2) од овој член, во нивните одгледувалишта.

(4) Ушната маркица за животни од став (1) точка 3) од овој член се аплицира од одгледувачот пред движењето на животните од одгледувалиштето на раѓање.

(5) Кога ушната маркица за животни од став (1) точка 1) од овој правилник е нечитлива, оштетена или изгубена, одгледувачот поднесува барање до овластената организација за замена на ушната маркица.

(6) Одгледувачот треба да ја евидентира заменетата ушната маркица во регистарот на одгледувалиште и преку овластената организација или доколку е овластен согласно член 25 од Законот за идентификација и регистрација на животните во електронска база на податоци.

(7) Во случај кога оригиналната идентификација на животното не може да се утврди, при повторното обележување, во регистарот на одгледувалиште и во електронската база на податоци треба да се заведат следните податоци:

1) РБО каде се врши повторно обележување и

2) изјава од одгледувачот дека животното било родено на одгледувалиштето или дека потекнува од друго одгледувалиште, вклучувајќи го и идентификацискиот код на одгледувалиштето.

Член 9

(1) Потребата за идентификација на животни, средства за идентификација и документи, се пријавува со Образец за пријавување на промени и нарачување на средства за идентификација и документи од системот за идентификација и регистрација кој е даден во Прилог 5 од Правилникот за идентификација и регистрација на животни од видот свињи.

(2) Веродостојноста на податоците од став (1) на овој член ги потврдува одгледувачот со ставање на потпис на образецот.

(3) Одгледувачот треба да води евиденција за задолжени ушни маркици, бројот на аплицирани ушни маркици на животните и оштетени, изгубени и тековната состојба на залихата на ушните маркици.

Член 10

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за идентификација и регистрација на животните од видот овци и кози („Службен весник на Република Македонија” број 58/08).

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-1360/1<br>
18 февруари 2014 година<br>
Скопје

Директор на Агенција<br>
за храна и ветеринарство,<br>
**Дејан Рунтевски,** с.р.

Прилог 1

| Број на битови | Број на цифри | Број на комбинации | Опис |
|---|---|---|---|
| 1 | 1 | 2 | Овој бит покажува дали идентификаторот е користен за идентификација на животно или не. Доколку е апплициран тогаш во сите животни овој бит треба да биде ‘1’. |
| 2-4 | 1 | 8 | Бројачот на преобележување (0 to 7). |
| 5-9 | 2 | 32 | Поле за податоци на корисникот. Овој бит треба да содржи ‘04’ од кодификација на CN-кодот за овци и кози согласно со Одлуката за усогласување и менување на царинската тарифа. |
| 10-15 | 2 | 64 | Празно — сите нули (резервирана зона за следните апликации). |
| 16 | 1 | 2 | Овој бит укажува на присуство или отсуство на блокот на податоците (за искористеност кај животни овој бит треба да е ‘0’ = блок каде нема податоци). |
| 17-26 | 4 | 1 024 | Кодот на државата како што е дефиниран во член 3 став (2) точка 1); |
| 27-64 | 12 | 274 877 906 944 | Националниот код за идентификација како што е дефиниран во член 3 став (2) точка 2). Ако националниот код е помало од 12 цифри, делот меѓу националниот код за идентификација и кодот на државата треба да се пополни со нули. |

Прилог 2

# Баркод на ушните маркици за животните од видовите овци и кози

| ИСО код за МК (3 цифри) | Животно (1 цифра) | Вид (1цифра) | Идентификациски број на овцата или козата (10 цифри) | | | Цифра на уредот (1 цифра) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Водечка нула | Број на ушна маркица со контролен број (вкупно 9 цифри) | | 1 |
| 807 | 0 | 1 | 0 | 10000000 | 1 | 1 |

Прилог 3

Ушни маркици за овци/кози

Ушни маркици за овци/кози со индивидуален број за одгледување




Ушни маркици за овци/кози со индивидуален број за колење




Ушни маркици за овци/кози со број на одгледувалиште



Прилог 4

Регистар на одгледувалиште
**I страна**

РОКО/ИР/01

**Република Македонија**
**Агенција за храна и ветеринарство**

## Регистар за овци и кози на одгледувалиште

**Информации за одгледувалиште**

**РБО:**

Адреса:

Географски координати

**Одгледувач:**

Адреса:

Потпис на одгледувачот

**Вид на производство:** млеко ☐ месо ☐ волна ☐

**Податоци за животните**

Датум на попис: __________

| Вид | Вкупен бр. на животни со две ушни маркици со индивидуален број | Машки | Женски | Вкупен бр. на животни со заменети ушни маркици | Вкупен бр. на необележани животни до 12 месеци старост | Вкупен бр. на обележани животни наменети за кланица |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Овци | | | | | | |
| Кози | | | | | | |

Датум на инспекции

______________________

______________________

______________________

Потписи на ветеринарен инспектор

______________________

______________________

______________________

## II страна

| Ред. број | Број на ушна маркица | | Пол | Раса/Генотип | Датум на раѓање | Датум на обележување | Број на заменета ушна маркица/ датум на замена/потпис | Пристигнување/ Заминување | Број на сертификат за здравствена состојба/Датум на смрт на животното | Бар код на мостра или датум на вакцинација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |

*1Правилникот за начинот и постапките за увоз и транзит и начинот и постапките за вршење на проверки и преглед на пратки домашни миленици од видовите птици кои не се наменети за трговија или за пренос на други лица и се придружени од сопственикот или одговорно лице како и формата и содржината на ветеринарно - здравствениот сертификат или друг документ што ги придружува е усогласен со Директивата на Советот 91/496/ЕЕЗ од 15 јули 1991 за утврдување на начелата со кои се регулира организацијата на ветеринарните контроли на животни кои влегуваат во Заедницата од трети земји и надополнување на директивите 89/662 / ЕЕЗ, 90/425/ЕЕЗ и 90/675/ЕЕЗ, CELEX бр. 31991L0496

*2Законот за земјоделство и рурален развој е усогласен со Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 1782/2003 од 29 септември 2003 за воспоставување на заеднички правила за директна поддршка во заедничката земјоделска политика и во воспоставувањето на одредени постапки за поддршка на земјоделците и на надополнување на Регулативата (ЕЕЗ ) бр. 2019 / 93, (ЕЗ) бр. 1452/2001, (ЕЗ) бр. 1453/2001 , (ЕЗ) бр. 1454/2001, (ЕЗ) 1868/94, (ЕЗ) бр. 1251/1999 , (ЕЗ) бр. 1254/1999 , ( ЕЗ) бр. 1673/2000, (ЕЕЗ) бр. 2358/71 и (ЕЗ) бр. 2529/2001 , CELEX бр. 32003R1782 .